ШТЕДИЛНИЦА МОЖНОСТИ
Штедилница Можности ДОО Скопје, бул. „Јане Сандански“ 111, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, П. Фах 883
Тел.+389 2 2401 051 Факс.+389 2 2401 049 http://www.moznosti.com.mk e-mail: contact@moznosti.com.mk

Врз основа на Одлуката на Народна банка на Република Северна Македонија за објавување извештаи и податоци од страна на банки и штедилници (Службен весник на РМ, бр.134/2007) и Политиката за обелоденување извештаи и податоци на Штедилница Можности, Штедилница Можности ДОО Скопје објавува:

ИЗВЕШТАИ И ПОДАТОЦИ
на ден 31.12.2022 година

СОДРЖИНА:

1. Податоци за Штедилница Можности ДОО
2. Податоци за акционерската структура на Штедилница Можности ДОО
3. Податоци за сопствените средства и за адекватноста на капиталот на Штедилница Можности ДОО

1. ПОДАТОЦИ ЗА ШТЕДИЛНИЦА МОЖНОСТИ		
1.1.	Назив	Штедилница Можности ДОО, Скопје
1.2.	Седиште	Бул. „ Јане Сандански” бр.111, Општина Аеродром, Скопје
1.3.	Единствен матичен број	5430500
1.4.	Организациска структура	Во прилог организациона структура
1.5.	Број на вработени на 31.12.2022 г.	104
1.6.	Преглед на финансиски активности кои може да ги врши согласно со дозволата за основање и работење издадена од Гувернерот на НБРСМ*	-Прибира денарски штедни влогови на физички лица, најмногу до износ кој е два пати поголем од нејзиниот основачки капитал; -Одобрува кредити на физички лица и на поединци кои вршат самостојна дејност без својство на правно лице; -Зема кредити од банки и штедилници; -Економско-финансиски консалтинг; -Пласира средства кај правни лица,без посредство на банка, најмногу во висина на 1,5 пати од износот на

		гарантниот капитал и неограничено државни хартии од вредност, на пазар на пари и краткорочни хартии од вредност и кај правни лица преку банка со обезбедување на банкарска гаранција; -Купува и продава краткорочни хартии од вредност и -Други работи утврдени со закон.
1.7.	Преглед на финансиски активности кои ги врши во моментот	- Прибира денарски штедни влогови на физички лица; - Одобрува кредити на физички и правни лица; - Зема кредити од домашни банки; - Пласира средства во депозити и хартии од вредност; - Менувачки работи.
1.8.	Преглед на финансиски активности за кои од страна на Гувернерот на НБРСМ е изречена забрана или ограничување за нивно вршење, односно е повлечена согласноста	Нема
1.9.	Член на банкарска група	Штедилница Можности не е член на банкарска група.
2. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИОНЕРСКАТА СТРУКТУРА НА ШТЕДИЛНИЦА МОЖНОСТИ		
2.1.	Основач на Штедилница Можности	Основач на штедилницата е Здружение Центар за едукација и претприемништво Можности Скопје, со седиште на бул.Јане Сандански бр.111, 1000 Скопје кој е единствен содружник во штедилницата со 100% удел. Претежна дејност: 64.99-Други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место
3. ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА И ЗА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ НА ШТЕДИЛНИЦА МОЖНОСТИ		
3.1.	Износ на почетен капитал кој е запишан во Централен регистар	300.152.306,00 МКД= од кои: 264.423.358,00 МКД= (во паричен облик) и 35.728.948,00 МКД= (во непаричен облик).

3.2.	Број на акции од секој род и класа, како и номиналниот износ на акциите	Нема
3.3.	Опис на Карактеристиките на основните компоненти на сопствени средства: Сопствените средства на штедилницата претставуваат збир на основниот капитал и дополнителниот капитал, утврдени согласно со Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот. 1.Основен капитал Основниот капитал на штедилницата претставува збир на редовниот основен капитал и додатниот основен капитал 1.1 Редовен основен капитал (РОК) Во редовниот основен капитал на штедилницата се вклучени следните позиции: -Запишаниот и уплатен удел од страна на содружникот; -Резервите од општиот резервен фонд, издвоени од оданочената добивка и кои служат за покривање на ризиците кои може да произлезат од работењето. Така утврдениот редовен основен капитал е намален за износот на одбитната ставка на нематеријалните средства. 1.2 Додатен основен капитал (ДОК) Штедилницата нема додатен основен капитал 2. Дополнителен капитал (ДК) Штедилницата има дополнителен капитал преку позицијата на субординирани кредити.	Во прилог извештај за сопствените средства на Штедилница Можности

3.3	Износ и компоненти на основен капитал, утврден согласно со Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот	Основниот капитал на Штедилница Можности изнесува 424.351 илјади МКД и се состои од: 1. Редовен основен капитал (РОК) во износ од 424.351 илјади МКД; 2. Додатен основен капитал (ДОК) во износ од 0 илјади МКД.
3.4	Износ и компоненти на редовен основен капитал, утврден согласно со Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот	Редовниот основен капитал (РОК) на Штедилница Можности изнесува 424. 351 илјади МКД и се состои од: 1. Запишан и уплатен удел во износ од Капитални инструменти од РОК во износ од 300.152 илјади МКД; 2. Задолжителна општа резерва (општ резервен фонд) во износ од 125.078 илјади МКД; 3. Одбитни ставки од РОК, по основ нематеријални средства во износ од 879 илјади МКД.
3.5.	Износ и компоненти на додатен основен капитал (ДОК), утврден согласно со Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот	Штедилница Можности нема додатен основен капитал (ДОК)
3.6.	Износ и компоненти на Дополнителен капитал (ДК) утврден согласно со Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот	Дополнителниот капитал (ДК) на Штедилница Можности изнесува 31.401 илјади МКД и се состои од: 1.Субординирани кредити во износ од 31.401 илјади МКД.
3.7.	Капитал потребен за покривање на **кредитниот ризик**, утврден согласно методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот	Во прилог извештај за стапката на адекватност на капиталот на Штедилница Можности

		- Капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик изнесува 132.026 илјади МКД.
3.8.	Капитал потребен за покривање на **валутниот ризик** утврден согласно методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот	Во прилог извештај за стапката на адекватност на капиталот на Штедилница Можности - Капитал потребен за покривање на валутниот ризик изнесува 0 илјади МКД.
3.9.	Капитал потребен за покривање на **оперативниот ризик**, со примена на пристапот на базичен индикатор, утврден согласно методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот	Во прилог извештај за стапката на адекватност на капиталот на Штедилница Можности - Капитал потребен за покривање на оперативниот ризик со примена на пристапот на базичен индикатор изнесува 25.402 илјади МКД.
3.10.	Капитал потребен за покривање на **ризикот од промена на цените на стоките** утврден согласно методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот	-
3.11	Капитал потребен за покривање на **пазарните ризици** утврден согласно методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот	-
3.12	Капитал потребен за покривање на другите ризици	-
3.13	Капитал потребен за покривање на ризиците	393.568 илјади МКД
3.14	Вкупен износ на сопствени средства со состојба 31.12.2022г.	455.752 илјади МКД
3.15	Висина на адекватност на капиталот со	23,16%

	состојба 31.12.2022г.	
4. ПОДАТОЦИ ЗА СТАПКА НА ЗАДОЛЖЕНОСТ НА ШТЕДИЛНИЦА МОЖНОСТИ		
4.1	Просечна стапка на задолженост за второ полугодие од 2022г.	0,2479 Во прилог извештај за стапка на задолженост на Штедилница Можности
5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ		
5.1	Податоци за процесот на управување со ризиците	Во прилог податоци за процесот на управување со ризиците на Штедилница Можности

*Забелешка: Ограничувањето за прибирање на депозити во износ два пати поголем од основачкиот капитал, кое е наведено во дозволата за основање и работење на Штедилницата, не важи согласно промените во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за условите и начинот на работа на штедилниците (Сл. Весник на РМ бр.74/15).